РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР
AGJENCIA E MBROJTJES TË SË DREJTËS PËR QASJE TË LIRË NË INFORMACIONE ME KARAKTER PUBLIK
AGENCY FOR PROTECTION OF THE RIGHT TO FREE ACCESS TO PUBLIC INFORMATION

Бр./ Nr./ No. 01-320/1 Скопје,Shkup,Skopje 20.08 2025годинаi

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МОНИТОРИНГ НА ВЕБ СТРАНИТЕ НА ИМАТЕЛИТЕ НА ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА ПРОАКТИВНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ЗА 2026 ГОДИНА

Скопје, 2025 година

Бул. „Гоце Делчев“ бр.18 Скопје, П.Фах.561
Bul "Goce Dellçev" nr.18 Shkup F.P.561
Blvd."Goce Delcev" no.18 Skopje, PO.Box.561
тел. / tel. / phone: +389 2 3127 453; +389 2 3118 038
факс / faks / fax: +389 2 3114 695
Web: http://www.aspi.mk
e-mail: aspi@aspi.mk

## ❖ ВОВЕД:

Информациите од јавен карактер им се достапни на граѓаните на два начина – преку проактивно објавување од страна на самите институции и преку реактивни механизми, односно по пат на поднесување на барање за пристап до информации од јавен карактер до надлежните институции. Проактивната транспарентност подразбира навремено и самоиницијативно објавување на информации од јавен карактер од страна на институциите, без притоа да биде поднесено барање – усмено, писмено или електронски – за нивно доставување. Овие информации треба да бидат објавени на јасни, функционални и транспарентни веб-страници, кои содржат целосни и ажурирани податоци релевантни за граѓаните.

Ваквиот проактивен пристап кон информирањето ја зајакнува правната сигурност и овозможува јавноста да се запознае со прописите, одлуките и сите други дејствија кои се од јавен интерес или што имаат директно влијание врз граѓаните.

Обврската за обезбедување транспарентност се однесува на сите институции кои располагаат со информации од јавен карактер. Оттука произлегува и нивната должност да обезбедат навремено, точно и достапно информирање на граѓаните. Исто така, овие институции имаат законска обврска да обезбедат ефикасен пристап до бараните информации.

Општата цел на мониторингот е да се оцени степенот на проактивна транспарентност кај имателите на информации од јавен карактер и нивната подготвеност за доследно спроведување на оваа законска обврска.

## ❖ ЗАКОНСКИ ПРОПИСИ ЗА ПРИНЦИПОТ НА ПРОАКТИВНО ОБЈАВУВАЊЕ

Со донесувањето на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (ЗСПИЈК) во 2019 година, прецизно се утврдени обврските на институциите за проактивно објавување на одредени категории на информации. Овие обврски се дефинирани во членот 10 од Законот.

Според овој член, објавувањето на следните категории на информации е задолжително: опис на надлежностите на институцијата, податоци за организациската структура, функциите и одговорностите на органите на управување, листа на акти (одлуки) донесени во рамките на надлежностите, финансиски информации, податоци за контакт, информации поврзани со јавни

набавки и други информации кои се од јавен интерес.

Голем дел од овие категории на информации се усогласени со меѓународните стандарди за транспарентност и отчетност и согласно законските одредби нивното објавување на официјалните веб-страници на имателите на информации е задолжително.

## ❖ ПРЕДМЕТ И ЦЕЛ НА МОНИТОРИНГОТ

Мониторингот е насочен кон проверка на степенот на објавување на категориите на информации кои согласно законските одредби, треба редовно и ажурирано да бидат достапни на веб-страниците на имателите на информации од јавен карактер, во согласност со членовите 9 и 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (ЗСПИЈК).

Одделението за соработка и анализи е надлежно за спроведување и имплементација на мониторингот на веб-страниците на имателите со цел целосно следење на објавувањето на документите и информациите кои согласно членот 10 од Законот, се обврзувачки за јавно објавување.

Целта на мониторингот е да се идентификува реалната состојба во спроведувањето на обврските за проактивно објавување на 22-те категории на информации од страна на имателите на информации од јавен карактер. Оваа активност е во функција на исполнување на надлежностите на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, особено во делот на спроведување на одредбите од ЗСПИЈК, како и зајакнување на институционалните капацитети на имателите во насока на зголемување на нивната транспарентност и отвореност кон јавноста.

Дополнително, мониторингот придонесува кон поефикасна идентификација на потребите за едукација и дополнителна обука на службените лица кај имателите на информации, со цел подобрување на нивната способност за доследно исполнување на законските обврски.

## ❖ ИМАТЕЛИ ШТО ЌЕ СЕ МОНИТОРИРААТ ВО 2026 ГОДИНА

Двете најважни групи на иматели кои имаат многу функции и значително влијаат врз животот на граѓаните и добиваат доволно средства од јавниот буџет за поддршка на проактивно објавување, се оние на органите на државната

управа и општините, како и судската власт, кои исто така имаат големо влијание врз граѓаните/барателите на информации.

Фреквенцијата на мониторингот е еднаш годишно или на две години во зависност од имателите на информации кои се предмет на мониторинг.

Во 2026 година, како и секоја година, иматели кои ќе бидат мониторирани се **Органите на државната управа**, а оваа обврска Агенцијата ја има и согласно Стратегијата за реформа на јавната администрација. Мониторингот ќе биде спроведен на:

- Агенции во Република Северна Македонија
- Заводи
- Дирекции
- Комисии
- Институти
- Министерства
- Управи
- Фондови
- Центри
- Влада на Република Северна Македонија
- Државен архив на Република Северна Македонија
- Инспекциски совет
- Народен правобранител на Република Северна Македонија
- Народна банка на Република Северна Македонија
- Комитет за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти
- Претседател на Република Северна Македонија
- Ревизорско тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош
- Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата
- Собрание на Република Северна Македонија
- Совет за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија
- Централен регистар на Република Северна Македонија
- Државно правобранителство на Република Северна Македонија

Исто така, мониторинг ќе биде спроведен на **Општините и Центрите за развој на плански региони.**

На двегодишна основа, согласно Методологијата за спроведување на мониторинг за проактивно објавување на информации од јавен карактер, мониторинг ќе биде спроведен и на **Судската власт**, односно:

- Апелациони судови
- Обвинителства
- Основни судови
- Виш управен суд на Република Северна Македонија
- Врховен суд на Република Северна Македонија
- Судски совет на Република Северна Македонија
- Управен суд на Република Северна Македонија
- Уставен суд на Република Северна Македонија

## ❖ РЕФЕРЕНТНА РАМКА

Референтна рамка за мониторинг е прашалникот изработен посебно за таа цел врз основа на категориите наведени во член 10 од ЗСПИЈК. Прашалникот разликува релевантни прашања за различни групи на иматели кои се мониторираат.

## ❖ ДОСТАПНОСТ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД МОНИТОРИНГОТ

Извештајот од мониторингот ќе се достави до службените лица кај имателите, кои се предмет на мониторинзите, по е-маил, за нивно запознавање и во исто време ќе се објават на веб-страницата на Агенцијата, во делот ПУБЛИКАЦИИ.

## ❖ ЗАКЛУЧОК

Агенцијата, преку спроведувањето на мониторингот, ја анализира состојбата со проактивната транспарентност кај имателите на информации од јавен карактер, при што формулира соодветни заклучоци и препораки за нејзино унапредување. Проактивната транспарентност претставува клучен аспект за барателите на информации, бидејќи овозможува брз, едноставен и директен пристап до информации кои се од нивен интерес, без потреба од формално поднесување на барање.

Во рамките на обуките што Агенцијата континуирано ги организира за службените лица кај имателите на информации, особено се потенцира значењето на активната транспарентност и доследната примена на членот 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (ЗСПИЈК). Овој

пристап е од особена важност, бидејќи преку проактивното објавување на информации, имателите овозможуваат граѓаните подобро да го разберат функционирањето на институциите, своите права и обврски, како и начините на кои можат да влијаат врз процесите на носење одлуки кои директно се одразуваат врз нивното секојдневно живеење и работење.

Дополнително, ваквиот степен на транспарентност им овозможува на граѓаните полесен пристап до јавните услуги што институциите ги обезбедуваат во рамките на своите надлежности, со што се придонесува кон унапредување на довербата помеѓу јавната администрација и граѓаните.

Директор,

Пламенка Бојчева